# АЛАТКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ ЗА ПРОВЕРКА ЗА РАК НА БЕЛИТЕ ДРОБОВИ

## БРОШУРА



## СОДРЖИНА


Која е целта на оваа алатка? 02 →

Што е рак на белите дробови? 02 →

Што е проверка за рак на белите дробови? 02 →

Дали ги исполнувам условите? 03 →

Како може да ми помогне проверката за рак на белите дробови? 03 →

Што друго треба да знам за проверката за рак на белите дробови? 04 →

Што опфаќа проверката за рак на белите дробови? 05 →

Што ќе се случи по моето скенирање? 05 →

Што значи мојот резултат и што ќе се случи понатаму? 06 →

Алатка за донесување одлуки 07 →


Australian Government

NATIONAL LUNG CANCER SCREENING PROGRAM



## Која е целта на оваа алатка?

Оваа алатка може да ви помогне да одлучите дали сакате да започнете со проверка за рак на белите дробови. Многу луѓе ги разбираат придобивките и сметаат дека проверката за рак е добра работа. Постојат начини на кои проверката може да ви помогне, но исто така има некои работи што треба да ги знаете пред да донесете одлука дали ќе правите проверка.

Оваа брошура е наменета да ви даде информации што ќе ви помогнат да донесете информирана одлука дали сакате да правите проверка или не. Тоа е ваш избор – не постои правилен или погрешен одговор за тоа дали да се направи проверка.

## Што е рак на белите дробови?

Тоа е рак кој започнува во белите дробови. Тоа е состојба при која група клетки кои не се нормални, растат неконтролирано и можат да се прошират и во други делови од телото.

## Што е проверка за рак на белите дробови?

Проверката за рак на белите дробови вклучува скенирање со компјутерска томографија - КТ (CT) со ниска доза на зрачење за лица без симптоми (на пример, немате необјаснета и постојана кашлица или не искашлувате крв) со цел да се откријат рани знаци на рак. Раното откривање на рак на белите дробови ги зголемува можностите за лекување и ви дава поголеми шанси за излекување.

КТ скенирањето со ниска доза на зрачење за проверка за рак на белите дробови е бесплатно за лица со Medicare картичка.

# Дали ги исполнувам условите?

Имате право да учествувате во програмата ако ги исполнувате следните услови:

**Сте на возраст од 50 до 70 години**

**И**

**Немате симптоми или знаци што укажуваат на рак на белите дробови**
(на пример, необјаснета и постојана кашлица, искашлување крв, отежнато дишење без причина)

**И**

**Пушите цигари или имаат историја на пушење цигари**
(престанале да пушат во последните 10 години)

**И**

**Имате историја на пушење цигари од најмалку 30 „pack-years“**
(„кутии-години“) (на пример, едно кутија цигари дневно 30 години или 2 кутии цигари дневно 15 години)

**Разговарајте со вашиот давател на здравствени услуги за да проверите дали исполнувате услови.**



# Како може да ми помогне проверката за рак на белите дробови?

Предностите од проверката за рак на белите дробови вклучуваат:

## Таа открива рак на белите дробови рано

Постојат повеќе можности за лекување и поголеми шанси да се излекувате кога ракот се открива рано.

## Чувство на спокојство

Проверката може да исклучи рак на белите дробови, а и други белодробни заболувања. КТ скенирањето со ниска доза на зрачење може да ви даде сигурност за здравјето на вашите бели дробови.

## Ви дава можност да разговарате за историјата на пушење и да добиете поддршка доколку одлучите да се откажете од пушење

Не мора да се откажете од пушење за да направите проверка, но ако се откажете, тоа може да ви помогне да спречите рак и други болести на белите дробови, што ќе ви овозможи подолг и поздрав живот.

# Што друго треба да знам за проверката за рак на белите дробови?

Нормално е да бидете загрижени кога учествувате во проверка за рак на белите дробови. Околу 22 до 51% од лицата кои ќе направат проверка ќе имаат нодули на нивното прво скенирање. Повеќе од 95% од овие нодули нема да бидат рак на белите дробови. Сепак, скенирањето, чекањето на резултатите или правењето дополнителни скенирања или тестови можат да предизвикаат стрес. Разговарајте со вашиот давател на здравствени услуги за да дознаете каква поддршка е достапна.

## Лажно позитивни резултати

Проверката за рак на белите дробови може да даде лажно позитивен резултат (односно, скенирањето покажува дека можеби имате рак на белите дробови, но понатамошните испитувања покажуваат дека немате). Лажно позитивните резултати може да се појават при секоја проверка или медицински тест.

## Прекумерно дијагностицирање

Некои видови на рак напредуваат многу бавно и може да не предизвикуваат никакви проблеми во текот на вашиот живот. Ова се нарекува „прекумерно дијагностицирање“ (overdiagnosis) и се случува кај околу 1 од 30 случаи на рак откриени за време на проверката за рак на белите дробови. Прекумерно дијагностицирање може да се случи на која било проверка или медицински тест.

## Изложеност на зрачење

Во КТ скенирањето со ниска доза се користи најмалата можна количина на зрачење, а сепак се обезбедува висококвалитетна снимка. Оваа доза е помала од годишната изложеност на зрачење кое се јавува природно во секојдневниот живот. Ако се пронајде нодул, можеби ќе треба да направите уште неколку скенирања за да се утврди дали станува збор за рак. Станува збор за ниско ниво на зрачење кое е безбедно и може да ја подобри раната дијагноза.

## Дополнителни наоди кои не се поврзани со рак на белите дробови

Понекогаш, при проверката за рак на белите дробови може да се откријат и други здравствени проблеми за кои може да се погрижи вашиот давател на здравствени услуги. Скенирањето може да покаже промени или во белите дробови (нешто друго освен рак, како што е емфизем) или надвор од белите дробови (како што е срцево заболување). Откривањето на ваквите промени може да даде можност за животоспасувачко лекување, но може да бара и дополнителни испитувања и да предизвика загриженост.

| Клучни прашања | Со проверка | Без проверка |
|---|---|---|
| **Колкава е веројатноста да се открие рак на белите дробови во рана фаза?** | 70 од 100 случаи на рак на белите дробови ќе бидат откриени во рана фаза [1]. | 7 од 100 случаи на рак на белите дробови ќе бидат откриени во рана фаза [1]. |
| **Колкава е веројатноста резултатот од скенирањето да укажува на рак на белите дробови, но при понатамошни испитувања да се покаже дека немате рак на белите дробови?** | Од сите лица кои прават проверка, кај околу 3 од 100 ќе биде пронајден нодул (јазол) со висок или многу висок ризик [1]. За да се провери дали некој нодул со висок или многу висок ризик е рак, вашиот давател на здравствени услуги може да предложи понатамошно испитување. Кај помалку од половина од лицата со нодул со висок или многу висок ризик ќе се покаже дека имаат рак на белите дробови. | Лицата кои не прават проверка ќе ја избегнат потребата од непотребни медицински тестови, но исто така нема да имаат можност да откријат рак на белите дробови во рана фаза кој нема симптоми. |
| **Каква е веројатноста скенирањето да открие нешто друго освен рак на белите дробови?** | Понекогаш скенирањето ќе открие промени за кои се потребни дополнителни тестови, а понекогаш ќе открие други сериозни болести кои треба да се лекуваат. Тоа лекување би можело да ви го спаси животот. | Лицата кои не прават проверка избегнуваат дополнителни медицински тестови, но исто така нема да имаат можност рано да откријат други здравствени состојби што може да се излечат. |

1. Врз основа на најдобри проценки од случајно избрани контролирани испитувања.

# Што опфаќа проверката за рак на белите дробови?

### Колку често треба да се прави?

- На секои две години, ако резултатите се нормални (со многу мал ризик) и ако нема значајни наоди.
- Почесто, ако со скенирањето се пронајде нешто.

### Како да се подготвам?

- Земете барање за КТ скенирање со мала доза на зрачење од вашиот давател на здравствени услуги.
- Закажете термин за скенирање онлајн, по телефон или лично. Кажете им во клиниката дека учествувате во Национална програма за проверка за рак на белите дробови.
- Погрижете се да го понесете со себе барањето за скенирање и Medicare картичката.
- Носете удобна облека. Можеби ќе треба да се пресоблечете во болничка наметка за скенирањето.
- Известете ја клиниката однапред ако ви е потребна помош при пресоблекување во болничка наметка или при легнување на масата за скенирање.
- Можете да јадете и пиете.

### Што ќе се случи на денот на скенирањето?

- Можно е да ви направат здравствена проверка и да ви ја измерат висината и тежината. Ќе ве прашаат дали можете да ги кренете рацете над главата и да ги држите така 5 до 10 минути.
- Ќе легнете на грб на маса со рацете над главата. Ќе треба да го задржите здивот за неколку секунди и да останете неподвижни. Радиограферот ќе направи снимки од вашиот граден кош. Нема да има потреба да примате инјекции.
- Самото скенирање ќе трае **околу 10 секунди и не би требало да почувствувате никаква болка.**
- Целиот преглед ќе трае помеѓу 10 и 15 минути.

### Како да стигнам до местото за проверка?

- Прашајте го вашиот давател на здравствени услуги каде е достапна проверка за рак на белите дробови во вашата област. За некои рурални и оддалечени места, достапна е и мобилна единица за проверка од организацијата Heart of Australia.

### Дали на проверката можат да дојдат членови на семејството, пријатели или негуватели?

- Доколку сакате, договорете се да ве придружува пријател или член на семејството.

### Која е цената на КТ скенирање со ниска доза на зрачење?

- КТ скенирањето со ниска доза на зрачење е бесплатно преку Medicare.

# Што ќе се случи по моето скенирање?

Вашиот давател на здравствени услуги ќе ги добие резултатите од вашето скенирање и ќе ве контактира доколку има потреба да разговара со вас за наодите. Вие ќе добиете известување (преку текстуална порака или писмо) од Националниот регистар за проверка за рак (National Cancer Screening Register - NCSR) во кое ќе бидете информирани што треба да направите следно. Тоа може да биде повторно да направите КТ скенирање со ниска доза на зрачење за две години или да разговарате за вашите резултати со вашиот давател на здравствени услуги.

# Што значи мојот резултат и што ќе се случи понатаму?

| Резултати од проверката | Следни чекори |
|---|---|
| **Недовршено**<br>Скенирањето не можеше да се протолкува од технички причини и треба да се повтори. | • Ќе треба повторно да направите проверка кога ќе добиете потсетник од NCSR или од вашиот давател на здравствени услуги. |
| **Многу мал ризик**<br>Немаше загрижувачки наоди од вашето скенирање. Редовните проверки на секои два години се важни за следење на промените како што стареете. | • Од NCSR ќе ве известат дека нема значајни наоди и дека треба повторно да направите проверка по 2 години.<br>• Ќе добиете потсетник од NCSR и/или вашиот доктор кога ќе дојде време за повторна проверка за **2 години**.<br>• Ќе треба повторно да одите кај вашиот давател на здравствени услуги за 2 години за да провери дали можете да направите проверка и да добиете барање за КТ скенирање со ниска доза на зрачење. Нема потреба повторно да се проверува историјата на пушење. |
| **Мал ризик**<br>На скенирањето е откриен нодул, но се смета дека веројатноста за рак на белите дробови е мала. Ќе треба да направите уште едно скенирање за 12 месеци. | • NCSR нема да ви ги достави вашите резултати, но ќе ве поттикне да разговарате со вашиот доктор за нив.<br>• NCSR ќе ве потсети кога ќе биде време за повторна проверка за **12 месеци**.<br>• Кога ќе го добиете потсетникот, ќе треба повторно да одите кај вашиот давател на здравствени услуги за да провери дали можете да направите проверка и да добиете барање за КТ скенирање со ниска доза на зрачење. |
| **Мал до умерен ризик или умерен ризик**<br>На вашата снимка има нодул или нодули кои треба почесто да се надгледуваат. Во зависност од вашите наоди, ќе треба да направите уште едно скенирање за 3 или 6 месеци. | • NCSR нема да ви ги достави вашите резултати, но ќе ве поттикне да разговарате со вашиот доктор за нив.<br>• NCSR ќе ве потсети кога ќе биде време за повторна проверка за **3 или 6 месеци**.<br>• Ќе треба повторно да одите кај вашиот давател на здравствени услуги за да провери дали можете да направите проверка и да добиете барање за КТ скенирање со ниска доза на зрачење. |
| **Висок или многу висок ризик**<br>Пронајдени се еден или повеќе нодули кои бараат понатамошно испитување. Ова не значи дека имате рак. Постои поголем ризик од рак на белите дробови, па затоа е важно да одите на сите контролни прегледи. | • NCSR ќе ве поттикне да разговарате со вашиот давател на здравствени услуги за вашите резултати.<br>• давател на здравствени услуги ќе го разгледа извештајот од радиолошката снимка и ќе ве упати кај специјалист за понатамошно испитување. |
| **Дополнителни наоди кои не се поврзани со рак на белите дробови, но кои треба да се преиспитаат**<br>Со снимањето може да се видат и други делови од телото покрај белите дробови, вклучувајќи го вратот, градниот кош и горниот дел од стомакот. Понекогаш тоа може да покаже наоди или во белите дробови (нешто друго освен рак, како што е емфизем) или надвор од белите дробови (нешто како срцево заболување). | • Вашиот давател на здравствени услуги ќе разговара со вас за потребата од дополнителни тестови и за следните чекори.<br>• Дополнителен наод не мора да значи дека не можете да продолжите да учествувате во програмата за проверка за рак на белите дробови. |

## Лекување на рак на белите дробови

Доколку се открие рак на белите дробови, лекувањето може да вклучува операција за отстранување на делот од белите дробови што е зафатен од рак. Други можни третмани се радиотерапија и хемотерапија. Можно е да имате комбинација од неколку третмани.

# Алатка за донесување одлуки

Запамтете, учеството во програмата за проверка за рак на белите дробови е ваш избор. Користете ја алатката подолу за да ви помогне да одлучите што е важно за вас.

| ЗАПРАШАЈТЕ СЕ: Што е важно за вас кога донесувате одлука за проверка за рак на белите дробови? | Без проверка<br>Не е важно | | | | Со проверка<br>Многу е важно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Да се открие рак на белите дробови рано, пред да се појават симптоми?**<br>(на пр. необјаснета и постојана кашлица или искашлување крв) | ☐ 1 | ☐ 2 | ☐ 3 | ☐ 4 | ☐ 5 |
| **Да се открие рак на белите дробови, кога постојат повеќе можности за лекување?** | ☐ 1 | ☐ 2 | ☐ 3 | ☐ 4 | ☐ 5 |
| **Да бидете спокојни во врска со здравјето на вашите бели дробови?** | ☐ 1 | ☐ 2 | ☐ 3 | ☐ 4 | ☐ 5 |
| **Да имате можност да разговарате за историјата на пушење и да добиете поддршка да се откажете?** | ☐ 1 | ☐ 2 | ☐ 3 | ☐ 4 | ☐ 5 |

| ЗАПРАШАЈТЕ СЕ: Колку сте загрижени Колку сте загрижени? | Без проверка<br>Многу сум загрижен/а | | | | Со проверка<br>Не сум загрижен/а |
|---|---|---|---|---|---|
| **Загрижени сте за учеството во проверката за рак на белите дробови?** | ☐ 5 | ☐ 4 | ☐ 3 | ☐ 2 | ☐ 1 |
| **Ќе бидете изложени на зрачење?** | ☐ 5 | ☐ 4 | ☐ 3 | ☐ 2 | ☐ 1 |
| **Ако добиете лажно позитивен резултат?**<br>(т.е. резултатот од скенирањето укажува дека можеби имате рак, но понатамошните испитувања покажуваат дека немате) | ☐ 5 | ☐ 4 | ☐ 3 | ☐ 2 | ☐ 1 |
| **Други тестови за испитување на наодите од КТ скенирањето со ниска доза на зрачење?** | ☐ 5 | ☐ 4 | ☐ 3 | ☐ 2 | ☐ 1 |

## Погледнете ги вашите одговори погоре

Ако повеќето од вашите одговори се на десната страна, тогаш сте за проверката.
Ако повеќето од вашите одговори се на левата страна, вие сте за тоа да не правите проверка.

**За повеќе информации за Националната програма за проверка за рак на белите дробови:**
www.health.gov.au/nlcsp

Quitline 13 7848

**За помош да се откажете од пушење:**
www.quit.org.au

DT0004838_0625

Овој материјал е подготвен на Универзитетот на Сиднеј со финансиска поддршка од Меѓународното здружение за проучување на рак на белите дробови (International Association for the Study of Lung Cancer - IASLC), а адаптиран е на Универзитетот на Мелбурн со финансиска поддршка од австралиската влада.

Ресет